**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16.12.2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,26 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Ја отворам Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Фијат Цаноски, Горан Петров, Дарко Димитриевски, Дарка Патрушевска, Амди Бајрам, Али Ахмети, Хисен Џемаили, Јулиета Марку, Феми Јонузи, Арбен Џафери,Мендух Тачи, Имер Селмани, Горан Мисовски, Талат Џафери, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Маринела Тушева и Станка Анастасова ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се: Претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од Дваесет и третата седница и Дваесет и деветтата седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од Дваесет и третата и Дваесет и деветтата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Ве известувам дека Драгољуб Лазов, Зоран Бојаровски и магистер Рухи Бахиу поднесоа оставки на функцијата членови на Советот на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Констатирам дека согласно член 115 од Деловникот на Собранието и член 129 став 1 алинеја 3 од Законот за радио дифузната дејност Драгољуб Лазов, Зоран Бојаровски и магистер Рухи Бахиу им престанува мандатот, член на Советот на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната.

Предлогот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Молам министерот за труд да се пријави.

Има збор министерот за труд и и социјала, повелете.

**Џелал Бајрами**: Благодарам. Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Потребата од донесување на овој закон, односно измените на овој закон по скратена постапка се од причина поради тоа што со овој закон се врши усогласување со Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување кое веќе е степен во сила и неговата примена од 1-ви јануари 2009 година. Со оглед на тоа дека не се работи за обемен и сложен Закон, од тие причини предлагаме истиот да се донесе по скратена постапка.Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе законот за изменување на законот за цивилни инвалиди од војната го ставам на гласање.

Пред да ве повикам на гласање молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите го пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, за да преминеме на гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Почитувани пратеници ја прекинуваме седницата.

Продолжуваме со работа во 12,00 часот и ги повикувам координарите на пратеничките групи да направат напори да се соберат пратениците и да преминеме на гласање.

(Седницата прекина со работа во 11,39 часот.)

(Паузата до 12,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,12 часот)

**Трајко Вељаноски:** Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Во салата се присутни 53 пратеници.

Сега има 54, а потребни се 61 за да можеме полноважно да работиме.

Сега се 55.

Ја прекунувам седницата.

Продложуваме утре во 11,00 часот со истата седница.

(Седница прекина со работа во 12,13 часот.)